


# ЈАНУАРИ 2026

# **МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ** ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 32 24 229



# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Пазарите на капитал ја започнаа 2026 година со забележително силни перформанси во одредени региони. Додека американскиот индекс S&P 500 забележа стабилен раст од 1,37% во текот на месецот, меѓународните пазари го презедоа главното внимание.

Следено по региони, почетокот на годината донесе силен оптимизам особено кај пазарите во развој и Азија – Пацифик регионот, така што највисоки приноси во јануари остварија MSCI Emerging Market и MSCI Asia – Pacific со раст од 8,81% и 7,54%, соодветно. Солиден пораст беше забележан кај европскиот STOXX 600 индекс од 3,18%. Глобалниот индекс MSCI ACWI го заврши месецот со раст од 2,92%.




**MSCI Asia - Pacific** - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија - Пацифик
**MSCI Emerging Market** - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** - Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

Извор: Блумберг




# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во јануари, вредноста на МБИ 10 индексот го продолжи негативниот тренд, забележувајќи месечно намалување од 0,82%, при што поголемиот дел од акциите кои влегуваат во неговата структура забележаа пад на месечна основа. Најизразено намалување на вредноста во јануари имаа акциите на Македонски Телеком од 8,70%, следени од НЛБ Банка со пад од 3,47% и ТТК Банка со 3,01%. За разлика од нив, акциите на Стопанска банка Скопје остварија највисок месечен раст од 2,80%. Гледано за првиот месец од годината, со умерен позитивен принос се издвоија и Комерцијална банка со 0,79% и Алкалоид со 0,77% На спротивната страна, покрај веќе спомenатите, со пад од 2,42% ја започнаа годината и акциите на Гранит, како и Макпетрол со намалување од 0,88%.





# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на државните обврзници забележаа умерена нагорна корекција во јануари 2026 година, додека пазарите се прилагодуваат на транзицијата кон „повисоки каматни стапки за подолг период“. Во САД, приносите имаа нагорен тренд, што го одразува ревидирањето на очекувањата за каматните стапки, додека европските приноси останаа стабилни во услови на избалансиран амбиент во еврозоната. Генерално, инвеститорите во инструменти со фиксен приход остануваат претпазливи, балансирајќи помеѓу забавувањето на инфлацијата наспроти високите нивоа на јавен долг и очекуваната зголемена понуда на нови изданија на обврзници во првиот квартал од годината. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има британската обврзница кој изнесува 4,52%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,23%.

### Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници




* Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање **21.01.2030**

Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Движењата на девизниот пазар во јануари покажаа мешани резултати кај клучните светски валути во однос на еврото. Во текот на првиот месец од годината, пад на вредноста во однос на еврото забележаа американскиот долар од 0,89% и кинескиот јуан од 0,74%. Наспроти нив, останатите валути ја започнаа годината со раст во однос на европската валута. Најизразен пораст оствари австралискиот долар со 3,41%, по што следуваат руската рубља со раст од 2,78% и швајцарскиот франк со 1,64%. Разликите во монетарната политика и очекувањата за идните одлуки на централните банки продолжуваат да бидат основен фактор за движењето на девизните курсеви. Насоката на пазарот во наредниот период целосно ќе зависи од интерпретацијата на економските податоци и сигналите кои ќе произлезат од состаноците на водечките институции како ФЕД и ЕЦБ.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




Извор: Блумберг Лектор: Каролина Накова